**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# СПОРТСКА ПЕДАГОГИЈА

**- ИЗБОРНА-**

**III ГОДИНА**

***СПОРТСКА ГИМНАЗИЈА***

**Скопје, 2007 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

### 1.1. Назив на наставниот предмет: СПОРТСКА ПЕДАГОГИЈА

### 1.2. Вид на образование: стручно гимназиско

**1.2.1**. Спортска гимназија

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

**1.3.1.** Посебностручен

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

**1.4.1.** Трета

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

**1.5.1.** Број на часови неделно: 3 часа

**1.5.2.** Број на часови годишно: 108 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

**1.6.1.** Изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по изборниот наставен предмет ***спортска педагогија*** ученикот стекнува знаења, вештини и се оспособува:

- да ја објаснува поврзаноста на педагогијата со спортот;
- да ги опишува карактеристиките на спортска група;
- да ги познава основните принципи на спортскиот тренинг;
- да презентира организација, планирање и програмирање на спортски тренинг и натпревар;
- да ја објаснува класификацијата на спортските групи;
- да ја сфаќа педагошката функција на тренерот во спортот;
- да развива позитивен однос кон правилно користење на слободното време;
- да го сфаќа спортот како фактор за спречување и намалување на девијантното однесување на младите;
- да ја поврзува мотивацијата со успехот во спортот.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните сордржини, односно за постигнување на поставените цели по изборниот предмет ***спортска педагогија***, потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети: ***основи на кинезиологија*** од прва година, ***кинезиологија*** од втора година и ***социологија*** од втора година.

**ВОСПИТНО- ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**
**4.1. Структуирање на содржините за учење**

| Тематски цели | Бр. на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ПОВРЗАНОСТА НА ПЕДАГОГИЈАТА СО СПОРТОТ** | 12 | **Ученикот:**<br>- да ги дефинира поимите образование и воспитание;<br>- да ја сфати врската помеѓу воспитанието и образованието и спортот ;<br>- да ги објаснува врските помеѓу воспитанието и образованието;<br>- да разликува училиштен спорт од рекреативен, аматерски, врвен и професионален спорт. | - Насочување на дискусија;<br>- објаснување за поврзаноста меѓу воспитанието и образованието;<br>- шематско прикажување и цртање на табла. | -Кинезиологија<br>-Психологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. ПЕДАГОШКО-АНДРАГОШКИ ПРОБЛЕМИ ВО СПОРТСКИТЕ ГРУПИ** | 15 | - Да дефинира спортска група;<br>- да ги распознава внатрешните и надворешните обележја на спортска група;<br>- да го објаснува процесот на создавање на спортска група;<br>- да го објаснува педагошкото раководење од страна на тренерот во спортската група. | - Насочување на дискусија - поединечни и групни со спортистите;<br>- презентирање на ликот на спортистот и неговото однесување;<br>- презентирање на работата на тренерот и останатите членови на стручниот штаб. | -Кинезиологија<br>-Психологија |
| **3. ДИДАКТИЧКИ ПРИНЦИПИ И РАБОТА НА ТРЕНЕРИТЕ** | 21 | - Да ги препознава основните принципи на спортскиот тренинг;<br>- да ги објаснува принципите на систематичност и постапност во работата на тренерите;<br>- да го познава принципот на свесна активност, очигледност и креативност;<br>- да ги разликува дидактичките и општите принципи. | - Насочување на дискусија во врска со објаснувањата и поимите за очигледност и креативност;<br>- објаснување на методите на демонстрирање, жив збор и практична работа;<br>- прикажување на скици и слики. | -Кинезиологија<br>-Психологија |
| **4. СОЗДАВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ ВО СПОРТОТ** | 21 | - Да ги познава видовите на планирање и програмирање на спортскиот тренинг;<br>- да ги објаснува плановите и програмите за спортскиот тренинг;<br>- да прави разлики меѓу | - Насочување на дискусија во врска со тренажниот процес;<br>- објаснување на плановите и програмите за тренажниот процес; | -Кинезиологија<br>-Психологија |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | четворогодишното, годишното, месечното и дневното планирање на тренажниот процес;<br>- да подготвува проект за училишни натпревари. | - прикажување на модели, планови и програми за тренажниот процес. | |
| **5. ПЕДАГОШКА ОРИЕНТАЦИЈА И СЕЛЕКЦИЈА ВО СПОРТОТ** | 21 | - Да ја познава класификацијата на спортските групи и нивната активност;<br>- да објаснува: масовен, аматерски, професионален и врвен спорт;<br>- да разликува видови спортски активности. | - Демонстрирање на селекција преку училиштен натпревар;<br>- учество на меѓучилиштен натпревар;<br>- учество на државни натпревари;<br>- демонстрирање преку ДВД плеер, видеоматеријали од најразлични спортски натпревари. | -Кинезиологија<br>-Психологија |
| **6. ПЕДАГОШКИ ФУНКЦИИ НА ТРЕНЕРОТ ВО СПОРТОТ** | 18 | - Да ја објаснува работата на тренерот воспитувач;<br>- да ги истакнува особините и квалитетот на тренерот;<br>- да ги објаснува проблемите и факторите кои влијаат на морално етичките квалитети на екипата. | - Насочување на дискусија за правиот авторитет на тренерот;<br>- објаснување за постигнување на резултатот со упорна и систематска работа, знаење, коректен однос кон спортистите и другите соработници. | -Кинезиологија<br>-Психологија |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на изборниот наставен предмет ***спортска педагогија*** наставникот применува современи интерактивни методи и техники на работа во зависност од наставната целина, односно наставната содржина. Овие методи и техники на работа се користат со примена на фронтална и работа во групи.

Активности на наставникот: планира, организира, подготвува, активира претходни знаења, објаснува, демонстрира, дискутира, насочува, поставува прашања, пишува и црта на табла, дава инструкции и задачи, слуша, забележува, коригира, координира, следи и воспоставува соработка и комуникација.

Активности на ученикот: активно, набљудува, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, објаснува, поставува прашања, создава врска, пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, коментира и притоа тимски соработува со групата, сам се оценува, презентира и сл.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

За остварување на поставените цели во програмата, наставата се организира и реализира преку комбинација на образовни активности: стручно-теоретска настава и посета на најразлични спортски натпревари, гледање видео, ЦД снимки и сл.

### 4.4. Наставни средства и помагала

За остварување на поставаните цели во програмата по изборниот предмет ***спортска педагогија*** наставата се организира и реализира во опремена училница. Реализирањето на наставниот процес ќе се одвива фронтално и во групи. При реализирањето на наставниот процес ќе се проверува дали е направен прогрес во совладувањето на поставените цели.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на индивидуалните изработки континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на наставните целини. Секој ученик во текот на едно полугодие може да добие најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на индивидуалните изработки континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на наставните целини. Секој ученик во текот на едно полугодие може да добие најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по изборниот наставен предмет ***спортска педагогија*** треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмо то на кои се изведува наставата, да е комуникативен и отворен за соработка, да има соодветно образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно- образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по изборниот наставен предмет ***спортска педагогија*** ја реализираат наставници со завршени студии по:

- ***физичка култура;***
- ***педагогија.***

Наставниците да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Наставата по изборниот наставен предмет ***спортска педагогија*** се реализира, главно, во рамките на училиштето во училница - опремена со основни средства и помагала, согласно со нормативот за наставен простор и опременост за стручна гимназија.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2007 година

### 7.2. Состав на работната група

1. д-р Ласте Спасовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Лена Дамовска, проф. на Филозофскиот факултет - Скопје
3. Зоран Величковски, проф. во ДУФК ,,Методи Митевски-Брицо,,- Скопје
4. Стефчо Анастасов, проф. во ДУФК ,,Методи Митевски-Брицо,,- Скопје
5. д-р Насе Кондовски, Биро за развој на образованието - Скопје
6. Илија Лешковски, Биро за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2007 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по изборниот наставен предмет ***спортска педагогија*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број 11-4631/18 од 21.06. ***2007*** година.